Уп. бр. 08-101

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ЕННА Повер друштво со ограничена одговорност за услуги, со регистрирано седиште на адреса Господарска зона Вуковар 13, Вуковар, Хрватска преку адвокат Ана Колевска од Скопје, на седницата одржана на ден 08.07.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која ЕННА Повер друштво со ограничена одговорност за услуги, со регистрирано седиште на адреса Господарска зона Вуковар 13, Вуковар, Хрватска, ќе стекне самостојна контрола над друштвото Лумен Алпха д.о.о. друштво со ограничена одговорност за услуги, со регистрирано седиште на адреса Драгутин Голик 89, Загреб, Хрватска, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 12.06.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од ЕННА Повер друштво со ограничена одговорност за услуги, со регистрирано седиште на адреса Господарска зона Вуковар 13, Вуковар, Хрватска, со која ЕННА ПОВЕР доо ќе стекне самостојна контрола над друштвото Лумен Алпха д.о.о. друштво со ограничена одговорност за услуги, со регистрирано седиште на адреса Драгутин Голик 89, Загреб, Хрватска.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

ЕННА Повер д.о.о. е друштво кое се занимава со развој на проекти за батериски системи за складирање на електрична енергија во Хрватска и Европа. Батериските системи за складирање на електрична енергија овозможуваат складирање на енергија и нејзина флексибилна испорака согласно побарувачката.
ЕННА Повер д.о.о. е водечки инвеститор и еден од најбрзо растечките инвестициски групи во Хрватска, која е посветена на овозможување на иновативни решенија кои поттикнуваат зелена трансформација и создаваат трајна вредност за партнерите и заедницата, како во енергетскиот сектор, така и во секторот на транспорт, односно логистика.
ЕННА Повер д.о.о. е во 100% сопственост на ЕНЕРГИЈА НАТУРАЛИС д.о.о. за вложување и управување, кое е во сопственост на друштвото СУСТЕЈНАБЛ СОЛУШНС ХОЛДИНГ АГ, чијшто сопственик пак е физичкото лице Павао Вујновац.
Павао Вујновац е краен сопственик и на ФОРТЕНОВА групата, која е присутна на пазарот во Република Северна Македонија преку Друштвото за производство, трговија и услуги МЕРЦАТОР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје - во ликвидација, со ЕМБС 5938848 и седиште на ул. Огњан Прица бр. 1/3-28 мезанин, Скопје – Кисела Вода, со регистрирана приоритетна дејност: трговија на мало во неспецијализирани продавници претежно со храна пијалаци и тутун. Наведеното друштво не е комерцијално активно и е во постапка за ликвидација. ЕННА групата и ФОРТЕНОВА групата заедно назначени како "ПВ група". ПВ групата има приходи во Република Северна Македонија преку продажба на прехранбени производи како што се масла за јадење, маргарин, мајонези, минерални води и сокови, преливи и сирупи, и сувомесни производи.

Лумен Алпха д.о.о. е друштво кое е носител на два проекти за батериски системи за складирање на електрична енергија (BESS), и тоа: (1) BESS Buzet 1, со моќност од 9,99 MW и капацитет од 20 MWh и (2) BESS Buzet 2, со моќност од 9,99 MW и капацитет од 20 MWh.
Лумен Алпха д.о.о. нема присуство во Република Северна Македонија и не остварува приходи на територијата на Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**